**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТАНБЕН КРЕДИТ ПРЕКУ СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ**

## Документи потребни при аплицирање за кредитот

**Документи по барање на Министерството за финансии**

-Барање за субвенциониран станбен кредит
-Потврда за остварените месечни приходи по основ на плата во последните 6 месеци, на барателот и неговиот брачен другар, издадена од работодавачот (не постара од 30 дена) и во која посебно ќе биде наведена последно исплатената месечна плата;
-Доказ дека делот од станот/куќата кој е во сосопственост на барателот на субвенционираниот станбен кредит односно неговиот брачен другар и кој не надминува една половина од станот/куќата, е стекнат по основ на наследство или дар (доколку е применливо);
-Изјава на барателот и неговиот брачен другар дека не користат друг станбен кредит на денот на поднесување на барањето за субвенциониран станбен кредит, дадена под полна материјална и кривична одговорност за вистинитоста заверена кај нотар;
-Изјава заверена на нотар дека барателот нема да го издава станот, односно куќата под закуп, дека нема дополнително да ја оптовари недвижноста со хипотека и дека нема да го отуѓи станот купен, односно куќата изградена со средства од субвенционираниот станбен кредит во период од првите 5 години од започнувањето со исплатата на кредитот; односно во рок на 12 години од започнувањето со исплатата на кредитот доколку станува збор за Субвенциониран кредит за купување/градба на куќа за млади до 35 години со субвенции во ануитетите
- Во случај барателот на субвенционираниот станбен кредит или неговиот брачен другар да имаат во сопственост стан, односно куќа, кој го продаваат заради купување на поголем стан/изградба на куќа заради решавање на сопственото домување, потребно е купопродажбата да биде завршена, да се достави Потврда од Агенцијата за катастар на недвижности за промена на сопственоста на недвижноста, како и доказ дека е платен данокот на промет (или доказ дека недвижноста е ослободена од плаќање на данок).

**Документи по барање на Стопанска банка АД-Скопје**

-Барање за станбен кредит (за кредитобарателот и кокредитобарателот)
-За кокредитобарател (доколку не е во брачна заедница со кредитобарателот), потребно е:

- За кокредитобаратели кои земаат плата во СБ, потребно е само извод од трансакциска сметка за последните 3 месеци;
- За сите останати, Чек од пензија / Потврда за редовно вработување, заверена и потпишана од овластените лица кај работодавачот (не постара од 30 дена), а за лица вработени во приватна фирма и образец ПП53 (Декларација за прием од УЈП) за последните 3 месеци

-Фотокопија од лична карта или пасош за кредитобарателот, брачниот другар ,кокредитобарателот и хипотекарниот должник
-Имотен лист за објектот што се остава под залог не постар од 6 месеци
-Извод од матична книга на родени (не постар од 1 месец) / венчани (за кредитобарателот, кокредитобарателот и брачниот другар)
-За обезбедување куќа, земјиштето да биде со право на сопственост или со право на долготраен закуп
-Согласност за доставување податоци од Македонско кредитно биро АД Скопје (за кредитобарателот и кокредитобарателот)
-Согласност за доставување податоци од Кредитен регистар на НБРМ (само за брачниот другар доколку не е кокредитобарател)
-Изјава за дополнителни примања на кредитобарателот и брачниот другар.

## Дополнително потребни документи

1. **За субвенциониран станбен кредит со намена купување стан (доколку како обезбедување се остава имот со Имотен лист)**

   -Преддоговор/договор за обезбеден стан

2. **За субвенциониран станбен кредит со намена купување стан (доколку како обезбедување се остава имот со Лист за предбележување на градба)**

   -Преддоговор/договор за обезбеден стан
   -Лист за предбележување на градба за станот што се остава под залог (не постар од 15 дена), при воспоставување на заложно право

3. **За субвенциониран станбен кредит со намена градба (во случај кога како обезбедување се нуди друг објект)**

   -Извод од Детален урбанистички план
   -Правосилно одобрение за градење
   -Проект заверен во општина
   -Предмер, пресметка за позициите за кои се бара кредит заверен од Проектантско биро или градежна компанија

4. **За субвенциониран станбен кредит со намена градба (во случај кога како обезбедување се нуди објектот кој е предмет на градба со Лист за предбележување на градба)**

***Документи потребни при аплицирање***

-Лист за предбележување на градба (не постар од 6 месеци)
-Правосилно одобрение за градење
-Проект заверен од надлежен орган (општина)
-Имотен лист за земјиштето
-Предмер, пресметка за позициите за кои се бара кредит заверен од Проектантско биро или градежна компанија

***Документи потребни за воспоставување заложно право***

-Лист за предбележување на градба (не постар од 15 дена)
-Потврда од интабулационите книги од Агенција за катастар на недвижности дека врз земјиштето нема заснована хипотека
-Потврда од општина од овластен градежен инспектор дека е излезен на лице место, направен увид и дека не е донесено решение за:

- забрана за градење и користење на објектот со затворање на градилиштето,
- отстранување на градба,
- прекин на градба

-Правно дело со кое е пренесено правото на градење од сопственикот на земјиштето на инвеститорот (договор, изјава заверена на нотар, одлука итн.),
-Договор заверен на нотар доколку има повеќе инвеститори,
-Договор заверен на нотар помеѓу инвеститорот и изведувачот,
-Лиценци за проектантот, изведувачот и надзорниот инженер
-Доказ дека е извршено осигурување за одговорност од штета во осигурителна компанија во Република Македонија
-изјава од изведувачот заверена на нотар дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба (само за градби наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2)